РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-1573/1

Скопје 22.03.2019г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Предмет: Шести седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува шестиот седмичен извештај за периодот од 15 до 21 март 2019 година.

Во рамки на овој извештај, Ви доставуваме ажурирана верзија на Прегледот на пристигнати ценовници за платено политичко рекламирање (ППР) за Претседателските избори 2019 година и за Предвремените локални избори 2019 година. На 10 дена пред започнување на изборната кампања, Агенцијата ги има следните податоци за пристигнати ценовници од радиодифузерите:

- Од вкупно 49 комерцијални телевизии, во законскиот рок ценовник доставија 43 телевизии. Од нив 10 емитуваат програма на државно ниво, 15 емитуваат програма на регионално ниво и 18 емитуваат програма на локално ниво. Две од телевизиите, ТВ 21-М и ТВ Ускана Еден, дополнително испратија ревидирани ценовници. Три телевизии - 1ТВ, Наша ТВ и ТВ Дибра, ги доставија ценовниците по изминување на законскиот рок. Додека, три телевизии - ТВ Амазон, ТВ Топестрада и ТВ Сител 2 не доставија ценовници за ППР.

- Од вкупно 67 комерцијални радија, во законскиот рок ценовник доставија 52 радија (3 на државно ниво, 10 на регионално ниво и 39 локални радија). Три радија - РФМ, Спортско радио 90,3 ФМ и Радио Буба Мара доставија ценовници по завршување на законскиот рок. Дванаесет радија (РА Зона М-1, РА Џез ФМ, Скај радио Плус, РА 106, РА Б-97, РА Делфин, РА Александар Македонски, РА Лав, РА Дрини, Радио Енџелс, РА Свети Николе и РА Лајф ФМ) не доставија ценовници за ППР. Од нив три - Радио Енџелс, Радио Свети Николе и Радио Лајф ФМ известија дека нема да ја покриваат изборната кампања.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

..................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**